Врз основа на член 120 од Законот за високо образование и член 57 од Статутот на Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'''во Скопје, Наставно-научниот совет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје на 40-та редовна седница доржана на 17.9.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за начинот на реализација на наставната дејност во учебната 2021/22 година на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје**

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со оваа одлука се уредува реализацијата на наставната дејност на прв, втор и трет циклус на студиите на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), консултациите со студентите, спроведувањето на проверката на знаењето на студентите и одбраната на дипломскиот, специјалистичкиот, магистерскиот и докторскиот труд согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19, актите на Универзитетот и Факултетот.

**Реализација на теоретска настава**
**Член 2**

Теоретската настава на академските и стручните студиски програми од прв циклус – додипломски студии (во натамошниот текст: прв циклус студии), интегрираните студии од прв и втор циклус, втор циклус и трет циклус ќе се спроведува со користење на средства за електронска комуникација.
По исклучок на став 1 на овој член, теоретската настава може да се одржува и со физичко присуство, за што одлучува одговорниот наставник согласно одредбите од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.
За реализација на наставата од став 2 на овој член, задолжителна е примената на Прилог бр. 1 - Протокол за реализација на теоретска настава со физичко присуство за студентите запишани на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Реализација на практичната настава**
**Член 3**

Практичната настава на прв циклус студии, интегрираните студии од прв и втор циклус, втор циклус и трет циклус ќе се реализира комбинирано – со физичко присуство и со користење на средства за електронска комуникација.
При реализација на практичната настава со физичко присуство задолжителна е примената на Прилог бр. 2 – Протокол за реализација на практична настава со физичко присуство за студентите запишани на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Други видови настава и наставни активности**
**Член 4**

Другите видови на настава и наставни активности (семинари, домашни задачи, проекти и сл.) ќе се реализираат комбинирано - со физичко присуство и со користење на средства за електронска комуникација, во зависност од нивната специфика, за што одлучува одговорниот наставник.
При реализација на наставата од став 1 на овој член, а во зависност од спецификата, задолжително е почитување на одредбите од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Консултации со студентите**
**Член 5**

Консултациите со студентите ќе се реализираат комбинирано - со физичко присуство и со користење на средства за електронска комуникација.

При реализација на консултации со физичко присуство задолжителна е примената на Прилогот бр. 2 - Протокол за организација на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари кој е составен дел на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Реализација на проверка на знаењето**

**Член 6**

Проверката на знаењето на студентите може се реализира комбинирано – со физичко присуство и со користење на средства за електронска комуникација, за што одлучува одговорниот наставник.

При реализација на проверката на знаењето на студентите со физичко присуство задолжителна е примената на Прилогот бр. 36 - Протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи во Република Северна Македонија, односно единиците во состав на истите при изведување на испитите кој е составен дел на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Одбрана на дипломски, специјалистички, магистерски и докторски трудови**

**Член 7**

Одбраната на дипломскиот, специјалистичкиот, магистерскиот и докторскиот труд може да се реализира комбинирано – со физичко присуство и со користење на средства за електронска комуникација, за што одлучува комисијата.

При реализација на одбраната од став 1 на овој член, задолжителна е примената на одредбите од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Преодни и заврши одредби**

**Член 8**

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Член 9**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе важи за времетраење на учебната 2021/22 година.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски**

Изработил: д-р спец. Влатко Коколански